Република Македонија

**Влада на Република Македонија**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

**ДО КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**<u>СКОПЈЕ</u>**

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

**Бр. 44 –2812/1**
**13.3.2018 година**

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Педесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 13.3.2018 година**

**„ТОЧКА 39:** Информација во врска со активностите за анализа на моменталната состојба во областа на ИТ во сите институции од јавниот сектор во Република Македонија

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите за анализа на моменталната состојба во областа на ИТ во сите институции од јавниот сектор во Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства, органи во состав на министерствата и други органи на државната управа од Листа 1 во прилог, а се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа од Листа 2 во прилог и им се препорачува на институциите од Листа 3 во прилог, да го потполнат Прашалникот-Анализа на моменталната состојба и истиот да го достават до Националниот совет за ИКТ во рок од десет дена.

2. Се задолжуваат сите министерства, органи во состав на министерствата и други органи на државната управа од Листа 1 во прилог, а се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа од Листа 2 во прилог и им се препорачува на институциите од Листа 3 во прилог, плановите за ИКТ за тековната година и информација за секоја ИТ набавка која е во тек, вклучувајќи и донации, странски фондови и слично да ги достават до Националниот совет за ИКТ во рок од десет дена."

**ПРИЛОГ:**
- Листа 1, 2 и 3

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- сите институции од Листа 1, 2 и 3

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Ирма Мандева/Зоран Брчарчевски
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска